Ž. 214.69
2155 Централна правосудна книжница
Врховног содишча
СР Словеније
ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр.9

СЛУЖ...
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА ...

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Понеделник, 24 март 1969
Скопје
Број 11 Год. XXV

Претплатата за 1969 година изнесува 60 динари. Овој број чини 3,20 дин. Жиро сметка бр. 401-1-16.

**60.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КНИГОВОДСТВОТО НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ

Се прогласува Законот за книговодството на работните организации од општествените дејности,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор одржана на 5 март 1969 година и на седницата на Стопанскиот собор одржана на 5 март 1969 година.

Бр. 790
6 март 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА КНИГОВОДСТВОТО НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ

Член 1

Работните организации од општествените дејности го водат своето книговодство според одредбите на Законот за книговодството на работните организации („Службен лист на СФРЈ“, бр. 48/68), доколку со одредбите на овој закон не е поинаку определено.

Член 2

Работните организации од општествените дејности водат во своето книговодство минимум единствени сметки што се утврдени со контниот план што е составен дел на овој закон.

Член 3

Положбата на средствата и нивните извори, како и резултатите од работењето во текот и на крајот на годината, работните организации од општествените дејности ги искажуваат во билансот на состојбата, билансот на успехот, заклучниот лист и деловниот резултат во текот на годината според обрасците што се објавени со овој закон и кои претставуваат негов составен дел.

Член 4

Работните организации од општествените дејности се должни во текот на деловната година да ги утврдуваат резултатите на работењето само за периодот јануари—јуни.

Член 5

Се овластува републичкиот секретар за финансии да донесува упатства за содржината на одделни конта во контниот план на работните организации од општествените дејности и за содржината на одделни позиции во билансите.

Член 6

Со парична казна до 50.000 динари ќе се казни за стопански престап работната организација ако:

1. не води книговодство според контниот план од овој закон;

2. во деловните книги или пресметки за резултатите од работењето на крајот на годината неточно ги искажува средствата и нивните извори;

3. во текот на деловната година не го утврдува резултатот за периодот јануари—јуни.

Член 7

За стопански престап од членот 6 на овој закон ќе се казни и одговорното лице во работната организација со парична казна до 2.000 динари, ако дејствието не претставува кривично дело.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а членот 2 ќе се применува од 1 јануари 1969 година.

## КОНТЕН ПЛАН ЗА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ

**КЛАСА 0: Основни средства, средства за заедничка потрошувачка и средства на резервите**

00 — Основни средства во функција
002 — Градежни објекти и рударски работи
003 — Орудија за работа
008 — Други основни средства
01 — Основни средства надвор од функција
010 — Трајно неупотребливи основни средства
02 — Исправка на вредноста на основните средства
023 — Исправка на вредноста на орудија за работа
028 — Исправка на вредноста на другите основни средства
03 — Основни средства во подготовка
030 — Издвоени парични средства за инвестиции
031 — Други основни средства во подготовка
05 — Средства на резервите
050 — Парични средства на резервниот фонд
051 — Пласмани и други средства на резервите
07 — Средства на други фондови
070 — Парични средства на други фондови
08 — Средства за заедничка потрошувачка
080 — Парични средства за заедничка потрошувачка
087 — Побарувања, пласман и други средства на заедничката потрошувачка
088 — Објекти и предмети на заедничката потрошувачка
089 — Исправка на вредноста на средствата на заедничката потрошувачка.

**КЛАСА 1: Финансиски и пресметковни средства**

10 — Парични средства
100 — Жиро-сметка
101 — Благајна
102 — Девизни средства
108 — Други парични средства
12 — Побарувања од деловни односи
120 — Купувачи
125 — Други побарувања од деловни односи
13 — Побарувања од доходот
130 — Побарувања од доходот
16 — Односи со организациите на здружениот труд
160 — Односи со самостојни организации на здружениот труд
165 — Односи со други организации на здружениот труд
17 — Други деловни средства, пласмани и побарувања
178 — Други деловни средства, пласмани и побарувања
18 — Непокриена загуба
185 — Непокриена загуба
19 — Активни временски разграничувања
190 — Активни временски разграничувања

**КЛАСА 2: Тековни обврски**

22 — Обврски од деловни односи
220 — Добарувачи
225 — Други обврски од деловни односи
23 — Договорни обврски
230 — Камата на кредити
231 — Премии на осигурување
232 — Провизии и други надоместоци за банкарски услуги
233 — Придонеси и членарини
238 — Други договорни обврски
24 — Законски обврски
241 — Придонес за користење на градско земјиште
242 — Воден придонес
248 — Други законски обврски
25 — Лични доходи и заедничка потрошувачка
250 — Лични доходи
255 — Средства за станбена изградба
258 — Користен дел на доходот за тековната заедничка потрошувачка
26 — Обврски по запрените придонеси и даноци и по други запирања
260 — Обврски по запрениот данок на промет
261 — Обврски по запрените придонеси од лични доходи
262 — Обврски по запрените други придонеси и даноци
268 — Обврски по други запирања
27 — Други обврски
275 — Неисплатен дел на лични доходи
278 — Други обврски
29 — Пасивни временски разграничувања
290 — Пасивни временски разграничувања

**КЛАСА 3: Материјал и ситен инвентар**

31 — Материјал
310 — Материјал
36 — Ситен инвентар, авто-гуми и амбалажа
360 — Ситен инвентар, авто-гуми и амбалажа
369 — Исправка на вредноста на ситниот инвентар, авто-гуми и амбалажа

**КЛАСА 4: Трошоци**

40 — Материјални трошоци
400 — Потрошен материјал
401 — Производствени услуги од други
402 — Непроизводствени услуги
403 — Дневници, теренски дотации, награди на ученици во стопанството и сл.
408 — Други материјални трошоци
42 — Амортизација
420 — Амортизација
45 — Укалкулиран дел на доходот
453 — Укалкулирани договорни обврски
454 — Укалкулирани законски обврски
455 — Укалкулирани лични доходи
49 — Распоред на трошоците
490 — Распоред на трошоците

**КЛАСА 5: (Употребата на оваа класа е слободна како во поглед на содржината, така и во поглед на синтетичките и аналитичките конта)**

**КЛАСА 6: Производство, готови производи и трговски стоки**

60 — Недовршено производство и сопствени полупроизводи
600 — Недовршено производство и сопствени полупроизводи
63 — Готови производи
630 — Готови производи
66 — Трговски стоки
660 — Трговски стоки
669 — Разлика во цената на трговските стоки

**КЛАСА 7: Вкупен приход и неговата распределба**

70 — Трошоци на реализирани производи и услуги
700 — Трошоци на реализирани производи и производствени услуги
701 — Трошоци на реализирани непроизводствени услуги
708 — Трошоци на друга реализација
709 — Трошоци на интерна реализација
71 — Набавна вредност на реализирани трговски стоки, материјали и отпадоци
710 — Набавна вредност на реализирани трговски стоки материјали и отпадоци
719 — Трошоци на реализирани трговски стоки
73 — Вонредни расходи
730 — Вонредни расходи
74 — Други трошоци на реализацијата
740 — Данок на промет
75 — Реализација на производи и услуги
750 — Реализација на производи и производствени услуги
751 — Реализација на непроизводствени услуги
758 — Друга реализација
759 — Интерна реализација
76 — Реализација на трговски стоки, материјали и отпадоци
760 — Реализација на трговски стоки, материјали и отпадоци
78 — Други приходи
780 — Приходи од камати
781 — Приходи од дотации, субвенции и слично
783 — Надоместок за покривање разликата во цените на залихите
790 — Вонредни приходи
79 — Распоред на разликата на реализацијата
790 — Распоред на разликата на реализацијата

**КЛАСА 8: Финансиски резултат**

80 — Укалкулиран дел на доходот
800 — Укалкулиран дел на доходот
809 — Распоред на укалкулираниот дел на доходот
83 — Остварен доход
830 — Остварен доход
831 — Средства што не влегуваат во вкупниот приход
839 — Распределба на остварениот доход и средствата што не влегуваат во вкупниот приход
85 — Загуба
850 — Загуба
859 — Покривање на загубата

**КЛАСА 9: Трајни извори на средствата**

90 — Долгорочни извори на деловни средства
900 — Деловен фонд
901 — Обврски за користениот дел на деловниот фонд за покривање на загубата
904 — Долгорочни кредити за основни средства
905 — Долгорочни кредити за обртни средства
908 — Други долгорочни извори на деловни средства
91 — Краткорочни извори на деловни средства
910 — Краткорочни кредити
918 — Други краткорочни извори на деловни средства
95 — Извори на средствата на резервите
950 — Резервен фонд
958 — Други извори на средствата на резервите
97 — Други фондови
970 — Други фондови
98 — Извори на средства на заедничката потрошувачка
980 — Фонд за заедничка потрошувачка
981 — Кредити за заедничка потрошувачка
989 — Други извори на средствата на заедничката потрошувачка
99 — Вонбилансна евиденција
990 — Активни конта на вонбилансната евиденција
995 — Пасивни конта на вонбилансната евиденција

## БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА НА 31 ДЕКЕМВРИ 19— ГОДИНА

| Ред. бр. | Конто | Позиција | Состојба на 31 декември: Во претходната година — Претколона | Во претходната година — Главна колона | Во тековната година — Претколона | Во тековната година — Главна колона |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |

**АКТИВА:**

**А. ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА**

I. ОБРТНИ СРЕДСТВА

а) **Парични средства**

1. 100 Жиро-сметка
2. 101 Благајна
3. 102 Девизни средства
4. 108 Други парични средства

б) **Побарувања од деловни односи**

5. 120 Купувачи
6. 220 Аконтација на добавувачи
7. 125 Други побарувања од деловни односи

в) **Побарувања од доходот**

8. 130 Побарувања од доходот
9. 258 Користен дел на доходот за тековната заедничка потрошувачка

г) **Средства во пресметка**

10. 160 Односи со самостојни организации на здружениот труд
11. 165 Односи со други организации на здружениот труд
12. 190 Активни временски разграничувања

д) **Залихи**

13. 310 Залихи на материјали
14. 360, 369 Залихи на ситен инвентар, авто-гуми и амбалажа
15. 600 Залихи на надворешно производство и сопствени полупроизводи
16. 630 Залихи на готови производи
17. 660, 669 Залихи на трговски стоки

II. ДРУГИ ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА, ПЛАСМАНИ И ПОБАРУВАЊА

18. 178 Други деловни средства, пласмани и побарувања

III. ОСНОВНИ СРЕДСТВА

а) **Основни средства во функција**

19. 002 Градежни објекти и рударски работи
20. 003 Орудија за работа
21. 008 Други основни средства
22. Вкупно основни средства во функција по набавна вредност (ред. бр. 19 до ред. бр. 21)
23. 023 Исправка на вредноста на орудијата за работа
24. 028 Исправка на вредноста на другите основни средства
25. Вкупно основни средства во функција по сегашната вредност ред. бр. 22 минус (ред. бр. 23 плус р. бр. 24)
26. 030 Издвоени парични средства за инвестиции
27. 031 Други основни средства во подготовка

IV. ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА НАДВОР ОД ФУНКЦИЈАТА

28. 010 Трајно неупотребливи основни средства
29. 23, 24 Претплатени обврски од доходот
30. 185 Покривање на загубата на товар на деловниот фонд
31. 185 Непокриена загуба

**Б. СРЕДСТВА НА РЕЗЕРВНИТЕ И ДРУГИТЕ ФОНДОВИ**

32. 050 Парични средства на резервниот фонд
33. 051 Пласмани и други средства на резерви
34. 070 Парични средства на другите фондови

**В. СРЕДСТВА ЗА ЗАЕДНИЧКА ПОТРОШУВАЧКА**

35. 080 Парични средства на заедничката потрошувачка
36. 087 Побарувања, пласмани и други средства на заедничка потрошувачка
37. 088 Објекти и предмети на заедничката потрошувачка
38. 089 Исправка на вредноста на средствата за заедничка потрошувачка

ВКУПНО АКТИВА:

Вонбилансна евиденција — активни конта

**ПАСИВА**

**А. ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА**

I. КРАТКОРОЧНИ ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА

а) **Тековни обврски**

39. 910 Краткорочни кредити
40. 220 Добавувачи
41. 225 Други обврски од деловни односи
42. 120 Примени аконтации од купувачи
43. 918 Други краткорочни извори на деловни средства

б) **Обврски од доходот**

44. 230 Камата на кредити
45. 231 Премии за осигурување
46. 232 Провизии и други надоместоци за банкарски услуги
47. 233 Придонеси и членарини
48. 238 Други договорни обврски
49. 241 Придонес за користење градско земјиште
50. 242 Воден придонес
51. 248 Лични доходи
52. 250 Лични доходи
53. 255 Средства за станбена изградба

в) **Обврски во пресметка**

54. 160 Односи со самостојни организации на здружениот труд
55. 165 Односи со други организации на здружениот труд
56. 290 Пасивни временски разграничувања

г) **Други тековни обврски**

57. 260 Обврски по запрен данок на промет
58. 261 Обврски по запрени придонеси од личните доходи
59. 262 Обврски по запрени други придонеси и даноци
60. 268 Обврски по други запирања
61. 275 Неисплатен дел на лич. доходи
62. 278 Други обврски

д) **Укалкулиран дел на доходот во вредност на залихите**

63. 800 и 809 Укалкулиран дел на доходот во вредност на залихи

II. ДОЛГОРОЧНИ ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА

а) **Долгорочни обврски**

64. 904 Долгорочни кредити за основни средства
65. 905 Долгорочни кредити за обртни средства
66. 908 Други долгорочни извори на деловни средства

б) **Трајни извори на деловни средства**

67. 900 Деловен фонд
68. 901 Обврска за користениот дел на деловниот фонд за покривање на загуби

**Б. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА НА РЕЗЕРВНИТЕ И ДРУГИ ФОНДОВИ**

69. 950 Резервен фонд
70. 958 Други извори на средства на резервите
71. 970 Други фондови

### В. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВАТА НА ЗАЕДНИЧКАТА ПОТРОШУВАЧКА

| | | |
|---|---|---|
| 72. | 980 | Фонд за заедничка потрошувачка |
| 73. | 981 | Кредити за заедничка потрошувачка |
| 74. | 989 | Други извори на средства на заедничката потрошувачка |
| | | ВКУПНО ПАСИВА: |
| | | Вонбилансна евиденција — Пасивни конта |

Раководител на сметководството, ________ Претседател на Органот на самоуправувањето ________ Директор, ________

### БИЛАНС НА УСПЕХОТ ОД 1 ЈАНУАРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 19——

| Р. број | Конто | Елементи | Износ: Во претходната година | Износ: Во тековната год. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

### А. УТВРДУВАЊЕ НА ДОХОДОТ

#### I. РАСХОДИ

| | | |
|---|---|---|
| 1. | 600, 630 800, 809 | Залихи на недовршено производство и сопствени полупроизводи и готови производи вредност на супстанцата на почетокот на годината |
| 2. | 400, 401 | Потрошени материјали и производствени услуги од други |
| 3. | 402 | Непроизводствени услуги |
| 4. | 403 | Дневници, теренски додатоци, награди на ученици во стопанството и сл. |
| 5. | 408 | Други материјални трошоци |
| 6. | 420 | Амортизација |
| 7. | | ВКУПНО (ред. бр. 1 до ред. бр. 6) |
| 8. | 710 | Набавна вредност на реализираните трговски стоки, материјали и отпадоци |
| 9. | 730 | Вонредни расходи |
| 10. | | Вкупно (ред. бр. 7 до ред. бр. 9) |
| 11. | 600-630 800-809 | Залихи на надворешно производство на сопствени полупроизводи и готови производи — вредноста на супстанцата на крајот на годината |
| 12. | | Вкупно потрошени средства (ред. бр. 10 минус ред. бр. 11) |
| 13. | 830 | Остварен доход (ред. бр. 24 минус ред. бр. 12) |
| 14. | | Вкупно (ред. бр. 12 плус ред. бр. 13 = ред. бр. 26) |

#### II. ПРИХОДИ

| | | |
|---|---|---|
| 15. | 750 | Реализација на производите и производните услуги |
| 16. | 759 | Интерна реализација на производите и услугите |
| 17. | 751 | Реализација на непроизводствени услуги |
| 18. | 760 | Реализација на трговски стоки, материјали и отпадоци |
| 19. | 758 | Друга реализација |
| 20. | 780 | Приходи од камати |
| 21. | 781 | Приходи од дотации, субвенции и сл. |
| 22. | 783 | Надоместок за покривање на разликата во цената на залихите |
| 23. | 789 | Вонредни приходи |
| 24. | | Вкупен приход (ред. бр. 15 до ред. бр. 23) |
| 25. | дел 850 | Загуба на супстанцата (ред. бр. 12 минус ред. бр. 24) |
| 26. | | Вкупно (ред. бр. 24 плус ред. бр. 25 = ред. бр. 14). |

#### I. РАСПРЕДЕЛБА НА ДОХОДОТ СПОРЕД НАМЕНАТА

| | | |
|---|---|---|
| 27. | 839, 850 | Камата на кредити |
| 28. | 839, 850 | Провизија и други надоместоци за банкарски услуги |
| 29. | 839, 850 | Премии за осигурување |
| 30. | 839, 850 | Придонеси и членарини |
| 31. | 839, 850 | Други договорни обврски |
| 32. | 839, 850 | Средства за станбена изградба |
| 33. | 839, 850 | Придонес за користење на градско земјиште |
| 34. | 839, 850 | Воден придонес |
| 35. | 839, 850 | Други законски обврски |
| 36. | 839, 850 | За лични доходи |
| 37. | 839 | Дел на доходот за покривање загубата на други самостојни организации на здружениот труд |
| 38. | 839 | За резервен фонд |
| 39. | 839 | Дел на доходот за потребите на општествените служби |
| 40. | 839 | За деловен фонд |
| 41. | 839, 850 | За фондот за заедничка потрошувачка |
| 42. | 839 | За други фондови |
| 43. | | Вкупно (ред. бр. 27 до ред. 42 = ред. бр. 57). |

#### II. СТРУКТУРА НА ДОХОДОТ

| | | |
|---|---|---|
| 44. | 800 | Укалкулиран дел на доходот во почетни залихи |
| 45. | 453 | Укалкулирани договорни обврски |
| 46. | 454 | Укалкулирани законски обврски |
| 47. | 455 | Укалкулирани лични доходи |
| 48. | 800 | Вкупно укалкулираниот дел на доходот (ред. бр. 44 до ред. бр. 47) |
| 49. | 800, 809 | Укалкулиран дел на доходот во завршни залихи |
| 50. | 809 | Укалкулиран дел на доходот во фактурираната реализација (ред. бр. 48 минус ред. бр. 49) |
| 51. | 790 | Дел од доходот од разликата во реализацијата |
| 52. | 830 | Остварен доход = (ред. бр. 50 плус или минус ред. бр. 51) |
| 53. | | Зголемување на доходот |
| 54. | | Намалување на доходот |
| 55. | | Доход за распределба (ред. бр. 52 плус ред. бр. 53 минус ред. бр. 54) |
| 56. | 850 | Загуба поради неостварен доход (ред. бр. 43 минус ред. бр. 55) |
| 57. | | Вкупно (ред. бр. 55 плус ред. бр. 56 = ред. бр. 43) |
| 58. | дел 850 | Загуба на супстанција = ред. бр. 25 |
| 59. | дел 850 | Загуба поради неостварен доход = ред. бр. 56 |
| 60. | | Зголемување на загубата |
| 61. | | Намалување на загубата |
| 62. | | Вкупно загуба (ред. бр. 58 плус ред. бр. 59 плус ред. бр. 60 минус ред. бр. 61 = ред. бр. 69) |
| 63. | дел 859 | Покривање на загубата од резервниот фонд |
| 64. | дел 859 | Покривање на загубата од доходот на други самостојни организации на здружениот труд |
| 65. | дел 859 | Покривање на загубата од други извори без обврска на враќање |

66. дел 24 Покривање на загубата на товар на законските обврски од доходот
67. дел 185 Покривање на загубата на товар на деловниот фонд
68. дел 185 Непокриена загуба
69. Вкупно (ред. бр. 63 до ред. бр. 68 = ред. бр. 62)

## ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ

1. Запрен данок на промет на стоки на мало
2. Исплатени лични доходи без придонеси
3. Исплатени придонеси од личниот доход
4. Просечно користени основни средства
5. Просечно користени обртни средства
6. Просечен број на запослени врз база на состојбата на крајот на месецот
7. Просечен број на запослени врз база на укалкулирани часови работи во текот на годината
8. Издатоци за стручно образование на кадри
9. Амортизација според пропишаните стопи
10. Непотрошени средства на амортизацијата
11. Трошоци за инвестиционо одржување на основни средства
12. Потрошени средства на заедничката потрошувачка на станбена изградба
13. Потрошени средства на заедничка потрошувачка за други потреби
14. Состојба на средствата на заедничка потрошувачка за станбена изградба од делот 4% на крајот на годината
15. Вкупно стасани отплати по кредитите за основни и трајни обртни средства
16. Вкупно извршени отплати по кредитите за основни и трајни обртни средства
17. Приходи од општествени фондови
18. Приходи од буџетите
19. Приходи од работни организации
20. Приходи од граѓаните и граѓанско-правните лица
21. Приходи на научно-истражувачките дејности од странски порачувачи
22. Приходи од други корисници на услуги
23. Приходи од научно-истражувачка работа
24. Други приходи на научно-истражувачките установи
25. Апарати, инструменти, уреди и лабораториска опрема
26. Побарувања од фондовите за здравствено осигурување на работниците
27. Побарувања од фондовите за здравствено осигурување на земјоделците
28. Побарувања од буџетите и фондовите на општествено-политичките заедници
29. Побарувања од други корисници
30. Издатоци за лекови, лабораториски, забарски и друг санитетски материјал
31. Издатоци за прехранбени продукти.

Раководител на сметководството, ______ Претседател на органот на самоуправувањето, ДИРЕКТОР ______

## ЗАКЛУЧЕН ЛИСТ

на ден ........ 19...... година

| Реден број | Ознака на контото | НАИМЕНУВАЊЕ | Почетна состојба на 1 јануари 19...... год. | | Промет од 1 јануари 19...... год. без почетната состојба | | Вкупен приход од 1 јануари 19...... год. до ...... 19...... год. | | Салдо на: Конто на состојбата | | Салдо на: Конто на успехот | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Должи | Побарува | Должи | Побарува | Должи | Побарува | Должи | Побарува | Должи | Побарува |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| | | | | | | | | | | | | |

РАКОВОДИТЕЛ НА СМЕТКОВОДСТВОТО, ______ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА У. О. ______ ДИРЕКТОР, ______

ДЕЛОВЕН РЕЗУЛТАТ ВО ТЕКОТ НА ГОДИНАТА
ОД 1 јануари до ———19——— година

| Реден број | Конто | Елементи | Износ — Во претходната година | Износ — Во тековната год. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | | **А. УТВРДУВАЊЕ НА ДОХОДОТ** | | |
| | | **I. РАСХОДИ** | | |
| 1. | 660, 630 800, 809 | Залихи на недовршено производство на сопствени полупроизводи и готови производи — вредност на супстанцата во почетокот на годината | | |
| 2. | 400, 401 | Потрошен материјал и производствени услуги од други | | |
| 3. | 402 | Непроизводствени услуги | | |
| 4. | 403 | Дневници, теренски додатоци, награди на ученици во стопанството и сл. | | |
| 5. | 408 | Други материјални трошоци | | |
| 6. | 420 | Амортизација | | |
| 7. | | Вкупно (ред. бр. 1 до ред. бр. 6) | | |
| 8. | 710 | Набавна вредност на реализираните трговски стоки, материјали и отпадоци | | |
| 9. | 730 | Вонредни расходи | | |
| 10. | | Вкупно (ред. бр. 7 до ред. бр. 9) | | |
| 11. | 600, 630 800, 809 | Залихи на недовршено производство на сопствени полупроизводи и на готови производи — вредност на супстанцата на крајот на пресметковниот период | | |
| 12. | | Вкупно потрошените средства (ред. бр. 10 минус ред. бр. 11) | | |
| 13. | | Остварен доход (ред. бр. 24 минус ред. бр. 12) | | |
| 14. | | Вкупно (ред. бр. 12 плус ред. бр. 13 = ред. бр. 26). | | |
| | | **II. ПРИХОДИ** | | |
| 15. | 750 | Реализација на производи и производствени услуги | | |
| 16. | 759 | Интерна реализација на производи и услуги | | |
| 17. | 751 | Реализација на непроизводствени услуги | | |
| 18. | 760 | Реализација на трговски стоки, материјали и отпадоци | | |
| 19. | 758 | Друга реализација | | |
| 20. | 780 | Приходи од камати | | |
| 21. | 781 | Приходи од дотации, субвенции и сл. | | |
| 22. | 783 | Надоместок за покривање разликата на цената на залихите | | |
| 23. | 789 | Вонредни приходи | | |
| 24. | | Вкупен приход (ред. бр. 15 до ред. бр. 23) | | |
| 25. | | Загуба на супстанцијата (ред. бр. 12 минус ред. бр. 24) | | |
| 26. | | Вкупно (ред. бр. 24 плус ред. бр. 25 = ред. бр. 14) | | |
| | | **Б. ПРИВРЕМЕНА РАСПОДЕЛБА НА ДОХОДОТ** | | |
| | | **I. РАСПОДЕЛБА НА ДОХОДОТ СПОСПОРЕД НАМЕНАТА** | | |
| 27. | | Камата на кредити | | |
| 28. | | Провизија и други надоместоци за банкарски услуги | | |
| 29. | | Премии за осигурување | | |
| 30. | | Придонеси и членарини | | |
| 31. | | Други договорни обврски | | |
| 32. | | Средства за станбена изградба | | |
| 33. | | Придонес за користење на градско земјиште | | |
| 34. | | Воден придонес | | |
| 35. | | Други законски обврски | | |
| 36. | | За лични доходи | | |
| 37. | | Остаток на доходот | | |
| 38. | | Вкупно (ред. бр. 27 до ред. бр. 37) | | |
| | | **II СТРУКТУРА НА ДОХОДОТ** | | |
| 39. | 800 | Укалкулиран дел на доходот во почетни залихи | | |
| 40. | 453 | Укалкулирани договорни обврски | | |
| 41. | 454 | Укалкулирани законски обврски | | |
| 42. | 455 | Укалкулирани лични доходи | | |
| 43. | 800 | Вкупно укалкулиран дел од доходот (ред. бр. 39 до ред. бр. 42) | | |
| 44. | 800, 809 | Укалкулиран дел на доходот во завршни залихи | | |
| 45. | 809 | Укалкулиран дел на доходот на фактурирана реализација (ред. бр. 43 минус ред. бр. 44) | | |
| 46. | 790 | Дел од доходот од разликата во реализацијата | | |
| 47. | | Остварен доход (ред бр. 45 плус или минус ред. бр. 46) | | |
| 48. | | Зголемување на доходот | | |
| 49. | | Намалување на доходот | | |
| 50. | | Доход за распределба (ред. бр. 47 плус ред. бр. 48 минус ред. бр. 49) | | |
| 51. | | Загуба поради неостварен доход (ред. бр. 38 минус ред. бр. 50) | | |
| 52 | | Вкупно (ред. бр. 50 плус ред. бр. 51 = ред. бр. 38). | | |

ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ

1. Основни средства во функција
2. Исправка на вредноста на основните средства во функција
3. Основни средства надвор од функција
4. Парични средства — жиро-сметка
5. Други парични средства
6. Купувачи и аконтации од добавувачи
7. Парични средства на фондовите (на резервниот фонд, заедничката потрошувачка, станбениот фонд и др.).
8. Залихи на материјали и ситен инвентар
9. Залихи на трговски стоки
10. Деловен фонд
11. Добавувачи и аконтации од купувачи
12. Исплатени лични доходи без придонеси
13. Исплатени придонеси од личниот доход
14. Просечен број на запослени врз база на состојбата на крајот на месецот
15. Просечен број на запослени врз база на укалкулирани часови работа во текот на пресметковниот период
16. Амортизација според пропишаните стопи
17. Непотрошени средства на амортизацијата
18. Потрошени средства за заедничка потрошувачка за станбена изградба
19. Потрошени средства за заедничка потрошувачка за други потреби
20. Состојба на средствата на заедничката потрошувачка за станбена изградба од делот 4%
21. Трошоци за инвестиционо одржување на основни средства
22. Приходи од општествените фондови
23. Приходи од буџетите
24. Приходи од работни организации
25. Приходи од граѓаните и граѓанско-правните лица
26. Приходи на научно-истражувачките дејности од странски порачители
27. Приходи од други корисници на услуги
28. Приходи од научно-истражувачка работа
29. Други приходи на научно-истражувачките установи

30. Апарати, инструменти, уреди и лабораториска опрема
31. Побарувања од фондовите за здравствено осигурување на работниците
32. Побарувања од фондовите за здравствено осигурување на земјоделците
33. Побарувања од буџетите и фондовите на општествено-политичките заедници
34. Побарувања од други корисници
35. Издатоци за лекови, лабораториски, забарски и друг санитетски материјал
36. Издатоци за прехранбени продукти

| Раководител на сметководството, | Претседател на органот на, самоуправувањето | Директор, |
|---|---|---|
| ______ | ______ | ______ |

**61.**

Врз основа на член 99 став 3 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија,

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор одржана на 5 март 1969 година, на седницата на Стопанскиот собор одржана на 5 март 1969 година, на седницата на Просветно-културниот собор одржана на 5 март 1969 година, на седницата на Социјално-здравствениот собор одржана на 7 март 1969 година и на седницата на Организационо-политичкиот собор одржана на 7 март 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОБРАЗУВАЊЕ КОМИСИЈА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ И НА ДЕЛОВНИЦИТЕ НА НЕГОВИТЕ СОБОРИ

1. Се образува Комисија за изменување и дополнување на Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и на деловниците на неговите собори (Комисија).

2. Комисијата има задача да подготви предлог за изменување и дополнување на Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и на деловниците на неговите собори.

3. Комисијата ја сочинуваат претседател и 20 членови.

Претседателот на Комисијата се избира од редот на пратениците на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

По двајца членови на Комисијата избира секој собор на Собранието од редот на своите членови.

Претседателот на Законодавно-правната комисија на Собранието, секретарот на Собранието, секретарот на Извршниот совет и секретарот на Секретаријатот за законодавство и организација на Извршниот совет се членови на Комисијата по својата положба, а претседателот на Клубот на пратениците на Собранието на Социјалистичка Република Македонија по својата функција.

Пет членови на Комисијата се избираат од редот на стручњаците.

4. Стручните и административно-техничките работи за потребите на Комисијата ќе ги обезбеди секретарот на Собранието, а ќе ги вршат стручните служби на Собранието.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 805
7 март 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**62.**

Врз основа на точка 3 од Одлуката за образување комисија за изготвување предлог за дополнување на Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и на деловниците на неговите собори, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Републичкиот собор, одржана на 5 март 1969 година, на седницата на Стопанскиот собор одржана на 5 март 1969 година, на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 5 март 1969 година, на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 7 март 1969 година и на седницата на Организационо-политичкиот собор, одржана на 7 март 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НА ДЕЛОВНИЦИТЕ НА НЕГОВИТЕ СОБОРИ

I

За претседател и членови на Комисијата за утврдување предлог за изменување и дополнување на Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и на деловниците на неговите собори се избираат:

а) за претседател: Хиџет Рамадани, потпретседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

б) За членови:

1. Ванчо Цветковски, пратеник на Републичкиот собор,
2. Илија Таневски, пратеник на Републичкиот собор,
3. Ѓорѓи Ѓоргиевски, пратеник на Организационо-политичкиот собор,
4. Вера Димитрова, пратеник на Организационо-политичкиот собор,
5. д-р Стево Стровјански, пратеник на Социјално-здравствениот собор,
6. Раде Петровски, пратеник на Социјално-здравствениот собор;
7. Светислав Прокопиев, пратеник на Стопанскиот собор,
8. Мустафа Амитов, пратеник на Стопанскиот собор,
9. Чедомир Стојковски, пратеник на Просветно-културниот собор,
10. Јордан Димовски, пратеник на Просветно-културниот собор.
11. Кочо Тулевски, претседател на Законодавно-правната комисија на Собранието на СРМ.
12. Мире Доновски, секретар на Собранието на Социјалистичка Република Македонија,
13. Никола Бакулевски, секретар на Извршниот совет,
14. Ѓорѓи Цаца, секретар на Секретаријатот за законодавство и организација на Извршниот совет,

15. Јовко Јовковски, претседател на Клубот на пратениците на Собранието на Социјалистичка Република Македонија,

16. Илија Беличанец, секретар на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија,

17. Лазо Лабачевски, советник во Собранието на Социјалистичка Република Македонија,

18. Васко Мисајловски, советник во Собранието на Социјалистичка Република Македонија,

19. Радослав Славевски, советник во Собранието на Социјалистичка Република Македонија,

20. Томислав Стефовски, секретар на Законодавно-правната комисија на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија."

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 806
7 март 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**63.**

Врз основа на член 15 од Законот за организирање на научните дејности („Службен весник на СРМ" бр. 9/67), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 5 март 1969 година и на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 5 март 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ СТАТУТОТ НА ЗАВОДОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЛОЗАРСТВОТО И ВИНАРСТВОТО НА СР МАКЕДОНИЈА — СКОПЈЕ

I

Се потврдува Статутот на Заводот за унапредување на лозарството и винарството на СР Македонија — Скопје, што го донесе работната заедница на Заводот на својата седница одржана на 6. IV. 1968 година.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 808
6 март 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**64.**

Врз основа на член 44 од Законот за високото школство на СРМ („Службен весник на СРМ" бр. 15/65), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 5 март 1969 година и на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 5 март 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ СТАТУТОТ НА ВИСОКАТА МУЗИЧКА ШКОЛА ВО СКОПЈЕ

I

Се потврдува Статутот на Високата музичка школа во Скопје што го донесе Советот на Високата музичка школа на својата седница одржана на 18. IX. 1968 година.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 809
6 март 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**65.**

Врз основа на член 5 од Законот за Републичкиот фонд за истражувачки работи во рударството („Службен весник на СРМ" бр. 22/66), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 5 март 1969 година и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 5 март 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА ИСТРАЖУВАЧКИ РАБОТИ ВО РУДАРСТВОТО ЗА 1969 ГОДИНА

I

Се дава согласност на финансискиот план на Републичкиот фонд за истражувачки работи во рударството за 1969 година, што го донесе Управниот одбор на Републичкиот фонд за истражувачки работи во рударството на седницата одржана на 3 февруари 1969 година под број 01-61/2.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 810
6 март 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**66.**

Врз основа на член 12 од Законот за високото школство во СРМ („Службен весник на СРМ“ бр. 35/65), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 5 март 1969 година и на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 5 март 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ВИШАТА ШКОЛА НА СОЦИЈАЛНИ РАБОТНИЦИ ВО СКОПЈЕ

I

Се потврдува Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Вишата школа за социјални работници во Скопје што ја донесе Советот на школата на својата седница одржана на 28. VI. 1968 година.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 811
6 март 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**67.**

Врз основа на член 34 од Законот за судовите од општа надлежност („Службен весник на СРМ“ бр. 42/65), по предлог од Извршниот совет, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 5 март 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА БРОЈОТ НА СУДИИТЕ — ПОРОТНИЦИ НА ВРХОВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА

I

Бројот на судиите — поротници на Врховниот суд на Македонија се определува на 46.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 812
6 март 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**68.**

Врз основа на член 31 од Законот за судовите од општа надлежност („Службен весник на СРМ“ бр. 42/65),

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 5 март 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА СУДИИ — ПОРОТНИЦИ ВО ВРХОВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА

I. За судии — поротници во Врховниот суд на Македонија се избираат: Александар Пакетчиев, Ацо Доневски, Андон Поп Андонов, Мустафа Саит, Бранислав Димковски, Благој Јаневски, Велко Сапунџиев, Хусеин Саит, Благоја Пилатов, Јаким Ивановски, Лазо Хаџипоски, Цане Стојановски, Владо Стаменков, Илија Беличанец, Идриз Идризи, Јанакија Атанасов, Костадин Лозановски, Лазар Величковски, Љубица Лекова, Мирче Димовски, Наџи Сали, Форев Методи, Љубомир Нешиќ, Трајковски Стојче, Костовски Деспот, Боро Денков, Рејсула Шакири, Благој Тулиев, Климе Димитровски, Оломан Незири, Љупчо Чкартов, Славка Гичевска, Блага Горичанова, Борис Гочев, Асим Азизовски, Стојан Димов, Јован Наумовски, Мијалче Пилатов, Муртези Чукези, Хулус Ќахил, Александар Ралиќ, Гордана Смиљановска, Месут Сулејман, Вера Тиквешанска, д-р Ѓоре Печијаровски и Стеван Каревски.

II Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 804
5 март 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**69.**

Врз основа на член 6 став 3 од Законот за награди на Антифашистичкото веќе на Народното ослободување на Југославија („Службен лист на СФРЈ“ 51/65), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 5 март 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА ОДБОРОТ ЗА НАГРАДИ АВНОЈ

I Се разрешува од членство на Одборот за награди АВНОЈ Блаже Коневски, поради истечување на мандатот.

II За член на Одборот за награди АВНОЈ се именува Анте Поповски, потпретседател на Републичката комисија за културни врски со странство.

III Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 803
5 март 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**70.**

Врз основа на член 12 од Законот за определување стопата на придонесот за изградба на станови за учесниците во Народноослободителната војна и за начинот на условите за користење на средствата од придонесот („Службен весник на СРМ" бр. 45/68), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Републичкиот собор, одржана на 5 март 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФОНДОТ ЗА ИЗГРАДБА НА СТАНОВИ НА УЧЕСНИЦИТЕ ОД НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА

I. За членови на Управниот одбор на Фондот за изградба на станови на учесниците од Народноослободителната војна се именуваат:

1. МИЦЕ ДИМЕВСКИ, функционер во Собранието на СРМ,
2. ЗЕНКУ АБЕДИН, пом. секретар во Републичкиот секретаријат за труд;
3. инж. ВЛАДО КОСЕВ, пом. секретар во Републичкиот секретаријат за индустрија и трговија;
4. РОЗА РУСО, пом. секретар во Републичкиот секретаријат за финансии;
5. МИНО МИНОВСКИ, член на Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ за Македонија;
6. АЛЕКО БОЖИНОВСКИ, член на Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ за Македонија;
7. ЉУПЧО ПЕЈОВСКИ, пом. директор во Службата на општественото книговодство;
8. БРАНКО ТАТАБИТОВСКИ, член на Републичкиот совет на Сојузот на синдикатите на Македонија;
9. РИСТО ТРПЕНОВСКИ, претседател на Комисија за станбени прашања при Градскиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОБ — Скопје.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 807
5 март 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**71.**

Врз основа на член 123 став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 135 од Деловникот на Собранието на СРМ, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 5 март 1969 година, и на седницата на организационо-политичкиот собор, одржана, на 7 март 1969 година, откако ја претресе Анализата за состојбата, организацијата и проблемите во правосудните органи, донесе

## ПРЕПОРАКА
### ЗА МЕРКИТЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ АЖУРНОСТА И ЕКСПЕДИТИВНОСТА ВО ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ

Претресувајќи ја Анализата за состојбата, организацијата и проблемите во правосудните органи, Собранието констатира:

1. Дека судовите и другите правосудни органи во Социјалистичка Република Македонија во целиот повоен период — од ослободувањето до денес — постигнаа значајни резултати во обезбедувањето на правниот поредок, јакнењето на законитоста, заштитата на правата на граѓаните и работните организации и јакнењето на демократските односи во нашето самоуправно општество.

Резултатите се дотолку позначајни што активноста на овие органи се одвиваше во услови на ненормирани или непотполно нормирани општествени односи во некои многу значајни подрачја како што се: имотните односи, многу односи за кои судовите решаваат во вонпроцесна постапка, како и прашања сврзани со извршувањето и обезбедувањето (извршна постапка).

2. Меѓутоа, и покрај постигнатите резултати, системот на правната заштита не одеше секогаш во чекор со развитокот на новите општествени односи, ниту пак правосудните органи го следеа во доволна мера тој развиток, како и развитокот на правото, правната наука и правната практика.

Ова придонесуваше да се зголемува и усложнува надлежноста на правосудните органи. Напоредно со ова не следеа, секогаш и насекаде, соодветни мерки за создавање на нужни кадровски, материјални и други услови од страна на одделни општествено-политички заедници, ниту доволни напори кај правосудните органи за порационално организирање и унапредување на нивната работа и за поголемо стручно усовршување и подобрување квалитетот и квантитетот на работата. Како резултат на ова, во последните години се влоши ажурноста и ефикасноста на правосудните органи што се изразува во големиот број нерешени предмети, во релативно долгото траење на постапката и во прилично големиот заостаток на постари нерешени предмети. Нивната недоволна вклученост во општествените процеси и движења, недоволната јавност и отвореност спрема општествено-политичките заедници и запознавање на заинтересираната јавност со општествено-негативните појави кои најчесто претставуваат извор на непотребни спорови, поради нерешеноста и ненормираноста на разни односи или поради незаконитото и неодговорно вршење на некои свои функции од страна на одделни органи и организации, придонесуваше едновремено и за зголемување работата на судовите.

Имајќи го предвид сето ова, Собранието на Социјалистичка Република Македонија

### ПРЕПОРАЧУВА

1. Непрекинатото револуционализирање на нашиот општествено-политички систем во правец на враќање на оттуѓените права на работниот човек и граѓанинот, бара изградување на таков правосуден систем, кој ќе произлегува и ќе му служи на развитокот на општествено-политичките односи и самоуправувањето и кој активно ќе учествува во создавањето и развивањето на социјалистичките норми и во развивањето и зацврстувањето на демократските и хумани меѓучовечки односи. Правосудниот систем сè повеќе мора да се вградува и да станува составен дел на целиот наш општествено-политички систем и да биде сè поспособен и поефикасен во заштитата на основните општествени вредности, во прв ред на човечката личност и неговите со Уставот и со закон загарантирани права. Несообразноста на правосудниот систем со сегашните и идните потреби на нашето самоуправно општество бара позабрзано и поцелосно доизградување на правосудниот систем при што особено значајно е:

а) во системот на правната заштита да се преиспитаат надлежностите на судовите во правец на иземање од судовите оние работи чие законито решавање може да се обезбеди во постапка кај други државни односно општествени органи. На судовите да им се остават во надлежност посложените и посуптилни општествени односи за чие решавање се бара поголема стручност и познавање на работите и поголема гаранција за обезбедување на законитоста;

б) да се забрза нормирањето на правно-ненормираните подрачја, да се изврши кодификација на одделни области и да се ослободат судските постапки од непотребните формалности;

в) учеството на поротата како во првостепената, така и во второстепената постапка да се сведе само на прашања што имаат пошироко општествено значење.

Со оглед на тоа што овие прашања се во надлежност на Сојузната скупштина, потребно е од страна на Собранието на СРМ да се настојува за нивното побрзо решавање од страна на Сојузната скупштина.

2. Со поопштествувањето на правосудната функција, преку јакнењето улогата на вонсудските општествени органи и преку следење и проучување на општествените односи и појави од интерес за остварување на правосудната функција и давање предлози за спречување на општествено-опасните и штетни појави и за зацврстување на законитоста, треба да се придонесе за поефикасно решавање на нарушените општествени односи по вонсудски пат, за поголем увид на јавноста во работењето на правосудните органи и за намалување нивниот обем на работа. Поради тоа е потребно:

а) општинските собранија, Стопанската комора и другите општествено-политички и самоуправни органи и организации да настојуваат да се прошири мрежата на разни вонсудски општествени органи како што се: мировните совети, другарските судови во работните организации и разни видови арбитражи и слично и преку зголемување на активноста да се обезбеди нивно поголемо афирмирање;

б) извршувајќи ја својата уставна обврска правосудните органи редовно да ги запознаваат собранијата на општествено-политичките заедници за својата работа и за проблемите со кои се среќаваат, информирајќи ги постојано нив и другата заинтересирана јавност (разни органи и организации) за согледаните општествено-опасни и штетни појави, сврзани со работењето на одделни органи и организации во примената на законите и за појавите на кршење на законитоста во правата на работните луѓе и граѓаните, за неразрешените или ненормираните општествени односи како и за незаконитоста и неусогласеноста на разни прописи и самоуправни норми со Уставот односно законите, иницирајќи соодветна постапка пред надлежните органи;

в) Извршниот совет, соодветните одбори на соборите на Собранието на СРМ, и општинските собранија во поголема мера да се свртат кон проблемите и работата на правосудните органи, барајќи да бидат редовно запознавани преку разни информации за нивното работење и проблемите со кои се среќаваат, а што се од интерес за пошироката јавност и активно да се вклучат во нивно решавање. За прашањата што се однесуваат на работните организации треба редовно да се запознаваат и органите на самоуправувањето, со цел да се обезбеди нивни понепосреден увид во негативните појави и тие да се вклучат поактивно во нивното решавање;

г) Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ и општинските собранија, во соработка со судовите, да преземат соодветни мерки за подобрување на персоналниот состав на поротниците со граѓани кои имаат нужна општествено-политичка ширина и интерес за вршење на оваа општествена функција. Судовите да настојуваат перманентно да бидат вклучени сите поротници во процесот на судењето;

д) средствата за јавно информирање треба повеќе да ја информираат јавноста за работата на правосудните органи и за разните општествено-негативни и штетни појави што се согледуваат низ нивната работа, со што едновремено ќе придонесат, преку правилното и објективно информирање на јавноста, и таа активно да се вклучи во разрешувањето на проблемите и отстранувањето на разни негативни појави.

3. Проблемот на правните кадри воопшто, а посебно на правосудните кадри, е од посебно значење за ефикасно работење на правосудните органи и за законито работење на другите органи и организации, од што многу ќе зависи и обемот на работата на правосудните органи. Поради недостигот на правни и правосудни кадри потребно е:

а) Извршниот совет и Републичкиот секретаријат за правосудство, односно општинските собранија, во соработка со правосудните и други органи и организации, поцелосно да ги согледаат потребите од правни и правосудни кадри и преку политика на стипендирање односно зголемување бројот на приправниците во правосудните органи да се забрза решавањето на овој проблем;

б) Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ и Републичкиот секретаријат за правосудство односно општинските собранија позабрзано да пристапат кон пополнување на упразнетите места во правосудните органи како и да ја преиспитаат потребата од зголемување на нивните систематизации со оглед на приливот, заостатоците на предмети и остварувањето функцијата на следење на општествено-негативните појави;

в) Републичкиот секретаријат за правосудство, во соработка со правосудните органи, да пристапи кон поорганизирано стручно издигнување на правосудните кадри преку почести курсеви, семинари и советувања како и преку испраќање на правосудни кадри на постдипломски студии. За остварување на ова, како и за збогатување на библиотеките на овие органи со потребната стручна литература, треба да се обезбедат потребните средства од страна на соодветните општествено-политички заедници;

г) Извршниот совет, со оглед на преминувањето на извидно-истражните работи во надлежност на судовите, преку соодветните органи на Правниот факултет, да ја испита можноста за проширување на наставата со предметите криминологија и криминалистика односно можноста за обезбедување на други форми за дополнително стручно оспособување на дел од правосудните кадри во оваа област.

4. Недоизграденоста на системот на финансирање на правосудните органи и присуството на повеќе нерешени проблеми од материјална природа претставуваат сериозна пречка за поефикасно и поквалитетно остварување на нивните функции. За да се обезбедат приближно еднакви материјални услови и постабилни односи во системот на финансирањето е потребно:

а) Извршниот совет односно општинските собранија да ги продолжат своите напори, кои особено дојдоа до израз во последните две години, за подобрување на материјалната положба на правосудните органи, да ја анализираат сегашната материјална положба на правосудните органи и да преземат мерки за создавање на потребните услови за поефикасно вршење на нивната функција. При тоа, тие треба да се заложат за доследно применување принципот на финансирање врз програмата за работа, која треба да подлежи на општествена оценка од соодветни општествени органи и тела;

б) Извршниот совет посебно да го проучи прашањето за просторните услови за работа на правосудните органи во оние места каде што овие сеуште не се решени;

в) Републичкиот секретаријат за правосудство, во соработка со правосудните органи, да пристапи кон изготвување на одредени стандарди (критериуми и мерила) преку утврдување на ориентациони нормативи за работа на правосудните кадри и другите работници, во зависност од обемот и сложеноста на работите, за личните и материјалните трошоци (средства за редовна дејност) за средствата за посебна намена и други елементи што ќе обезбедат приближно еднакви услови за работа на исти видови правосудни органи и за ублажување на прилично големите разлики во личните доходи за иста работа;

г) работните заедници односно органите на самоуправувањето во правосудните органи поактивно

да се вклучат во систематското и редовно следење остварувањето на програмата и да преземаат мерки за отстранување на слабостите што пречат за нејзиното остварување.

5. Подобрувањето на внатрешната организација на правосудните органи и методот на нивното работење, како и отстранувањето на субјективните слабости во работата на овие органи ќе придонесе за зголемување на нивната ефикасност и за правилна примена на правото. Со оглед на ова потребно е:

а) Републичкиот секретаријат за правосудство во соработка со правосудните органи да пристапи кон поцелосно проучување на проблемите сврзани со унапредувањето и рационализирањето на внатрешната организација и методот на работењето и преку соодветни мерки да помогне во интензивирањето на нивната работа;

б) органите на правосудната управа (Републичкиот секретаријат за правосудство и раководителите на правосудните органи) да обезбедат поефикасен надзор преку нужната евиденција и непосреден увид во работата на правосудните кадри, со цел да се отстрануваат разните слабости сврзани со неостварувањето на одредбите на судскиот деловник, како и други слабости кои не се во согласност со одделни одредби на судските постапки и во врска со тоа да преземаат соодветни мерки за отстранување на овие слабости, а во извесни потешки случаи да иницираат отповикување на одделни правосудни кадри кај собранието на соодветните општественополитички заедници;

в) работните заедници и органите на самоуправувањето во правосудните органи поактивно да се вклучат во унапредувањето на внатрешната организација и решавањето на проблемите од внатрешната распределба, во јакнењето на дисциплинската одговорност на работниците и во отстранувањето на разни слабости сврзани со работата на правосудните органи.

6. Намалувањето обемот на работата и поефикасното вршење на функциите на правосудните органи во значајна мера зависи од законитото или одговорно вршење на функциите на другите органи и организации, како и од развиеноста и квалитетот на работата на разни други правни служби. Поради тоа е потребно:

а) општинските собранија да обезбедат поефикасен законски надзор врз самоуправната нормативна активност на работните организации и врз законитото вршење на нивните функции како и управен надзор со јакнење на инспекциските органи;

б) јавните правобранителства во соработка со соодветните органи на управата и работните организации да преземат мерки за средување на евиденцијата и документацијата, во врска со располагањето на општествениот имот со цел да се избегнат непотребните спорови со граѓаните;

в) општинските собранија, во соработка со работните и други организации да преземат мерки за организирање на поефикасни и поквалитетни служби за правна помош, со што ќе се сведе на оправдана мера обрнувањето на граѓаните до судовите со барање судска заштита на своите права;

г) Адвокатската комора, преку изготвувањето на кодекс за адвокатска етика и преку перманентна активност во нејзиното изградување, како и преку други мерки за подобрување стручноста и квалитетот на работата на адвокатите, треба да придонесе за обезбедување поквалитетно правно застапување на граѓаните, а со тоа и поквалитетна и поефикасна работа на судовите.

7. Одборот за организационо-политички прашања на Републичкиот собор и Одборот за правосудство и заштита правата на граѓаните на Организационо-политичкиот собор непосредно, и преку Републичкиот секретаријат за правосудство, ќе се грижат за спроведувањето на оваа препорака и повремено ќе ги информираат соодветните собори на Собранието на СРМ за нејзиното спроведување.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 837
10 февруари 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**72.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на Одлуката бр. 372/3 за измена и дополнување на Правилникот за распределба на доходот и личните доходи на Основното училиште „Бајрам Шабани“ од Куманово донесена од Советот на училиштето на 1. VII. 1967 година, по одржаната јавна седница на 20 февруари 1969 година, донесе

**ОДЛУКА**

1. СЕ УКИНУВА Одлуката бр. 372/3 за измена и дополнување на Правилникот за распределба на доходот и личните доходи на Основното училиште „Бајрам Шабани“ од Куманово донесена од Советот на училиштето на 1. VII. 1967 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СР Македонија“ и во Основното училиште „Бајрам Шабани“ во Куманово на начинот пропишан со Статутот на училиштето.

3. По повод претставката на Срећко Поповски од Куманово, Уставниот суд поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на Одлуката бр. 372/3 од 1. VII. 1967 година, донесена од Советот на училиштето.

Врз основа на испитувањата во претходната постапка и на јавната седница Уставниот суд на Македонија утврди дека со наведената одлука, со која се утврдуваат стартните основи со кои работниците ќе учествуваат во распределбата на средствата за личен доход, не се утврдени посебни основи и мерила за утврдување на работниот придонес на секој работник во училиштето туку како основи и мерила се утврдени односно преземени критериумите кои што Основната заедница за финансирање на образованието ги утврдила при доделување средства на училиштето за лични доходи. Овие критериуми се школската подготовка и положен стручен испит. Според овие критериуми работниците со еднаква школска подготовка и положен стручен испит имаат еднаков и во фиксен износ определен личен доход.

Според уставната одредба на член 15 од Уставот на СР Македонија на работникот во работната организација, согласно со начелото за распределба според трудот, му припаѓа личен доход според резултатите на неговиот труд и работата на работната единица и работната организација како целина. Работната организација е должна, според одредбите на Основниот закон за работни односи, со општ акт да ги утврди основите и мерилата според кои ќе се утврдува работниот придонес на секој работник а со работниот придонес утврден на овој начин работникот учествува во распределбата на средствата наменети за лични доходи.

Уставниот суд на Македонија застана на мислење дека школската подготовка и стручниот испит, утврдени со Одлуката на Советот на училиштето, не претставуваат доволни основи и мерила за утврдување на работниот придонес на работниците поради што Одлуката не е во согласност со законските одредби. Исто така Уставниот суд на Македонија констатира дека со Одлуката е воведена таква распределба по која работниците што имаат еднаква школска подготовка и положен стручен испит имаат еднаков и во фиксен износ утврден личен доход што е во спротивност со уставната одредба според која на работникот му припаѓа личен доход кој што е резултат на неговиот труд и работата на работната единица и работната организација како целина.

На основа изложеното Уставниот суд на Македонија ја донесе оваа одлука.

У. бр. 33/68
20 февруари 1969 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Перо Коробар,** с. р.

# Прописи на општинските собранија

## СОБРАНИЕ НА ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ

**39.**

Врз основа на чл. 273 ст. 2 од Статутот на општината Кавадарци, и чл. 84 ст. 3 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на општината Кавадарци, на заедничката седница на Општинскиот собор и на Соборот на работните заедници, одржана на 1. III. 1969 година, донесе

### ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ

Член 1

Во Статутот на општината Кавадарци („Службен гласник на општината Кавадарци“ бр. 3/66), ставот 2 на членот 158 се менува и гласи:

„Секој собор има по 48 члена“.

Член 2

Ставот 1 на членот 134 се менува и гласи:

„Општиот собор го сочинуваат: Одборниците на Собранието; Општинската конференција на сојузот на комунистите на Македонија на општината Кавадарци; Општинската конференција на ССРН на општината Кавадарци; Општинскиот синдикален совет на општината Кавадарци; Општинскиот комитет на Сојузот на младината на општината Кавадарци; Одборот на општинската конференција за општествена активност на жените на општината Кавадарци и Одборот на здружението на боречките организации на општината Кавадарци“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-1111
1 март 1969 година
Кавадарци

Претседател
на Собранието на општината Кавадарци,
**Стојан Андов,** с. р.

**40.**

Врз основа на членот 25 став 1 од Законот за народна одбрана („Службен лист на СФРЈ“ бр. 8/69) и чл. 247 од Статутот на општината Кавадарци, Собранието на општината Кавадарци, на заедничката седница на Општинскиот собор и на Соборот на работните заедници, одржана на 1. Ш. 1969 година, донесе

### ОДЛУКА

### ЗА ОСНОВАЊЕ ШТАБ ЗА НАРОДНА ОДБРАНА НА ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ

Член 1

Се основа штаб за народна одбрана на општината Кавадарци (во понатамошниот текст: Штаб) за раководење со територијалната одбрана и цивилната заштита во мирот и војната.

Член 2

Во време на мир Штабот ги врши следните работи:

1. се грижи за организацијата, обуката, наоружувањето, опремувањето и припремањето на единиците и службите на територијалната одбрана и цивилната заштита;
2. се грижи за спроведување на мерките за заштита и спасување;
3. ги прати и анализира мерките за примена на концепцијата за општонародна одбрана во територијалната одбрана и цивилната заштита;
4. ги усклaдува припремите за територијалната одбрана и цивилната заштита со штабовите на пошироката општествено-политичка заедница, со воено-територијалните органи, со командите на ЈНА, со органите на управата надлежни за работите на народната одбрана и со останатите општински органи на управата;
5. дава стручна помош на работните и други организации и на месните заедници во организацијата на единиците и службите на територијалната одбрана и цивилната заштита и во спроведувањето на мерките за заштита и спасување;
6. раководи со единиците и службите на територијалната одбрана и цивилната заштита во борбата против елементарните и други непогоди;
7. врши и други работи одредени со законот, смерниците и инструкциите.

Член 3

Во време на војна Штабот раководи и командува со единиците и службите на територијалната одбрана и цивилната заштита и со другите оружени сили и го усклaдува нивното делување и содејство со единиците на ЈНА.

Член 4

Штабот го сочинуваат командант, началник и определен број членови.

Со Штабот раководи командантот на Штабот. Командантот на Штабот, по предлог на Собранието на општината Кавадарци го именува командантот на Републичкиот штаб за народна одбрана.

Началникот на Штабот е воедно и заменик на командантот и него го именува и разрешува Собранието на општината Кавадарци по предлог на Советот за народна одбрана.

Определувањето бројот на членовите на Штабот како и нивното именување и разрешување го врши Собранието на општината Кавадарци по предлог на Советот за народна одбрана.

Член 5

Штабот за својата работа одговара пред Советот за народна одбрана и пред Собранието на општината.

Член 6

Штабот како колегијално тело во мирот донесува одлуки од својата надлежност на седници, а за време на војна според важечките прописи.

Член 7

За обавување на стручните работи од надлежноста на Штабот се основа стручна служба составена од потребен број работници со кои се заснова работен однос.

Стручната служба ги обавува организационо-мобилизациските, оперативно-наставните, материјално-техничките и административните работи.

Со работата на стручната служба раководи началникот на Штабот.

Член 8

Материјалните и финансиските средства што се потребни за работата на Штабот ги обезбедува Собранието на општината Кавадарци.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-1109
1 март 1969 година
Кавадарци

Претседател
на Собранието на општината Кавадарци,
**Стојан Андов,** с. р.

**41.**

Врз основа на чл. 98 ст. 1 од Законот за избор на одборници на општинските собранија („Службен весник на СРМ“ бр. 4/69), Собранието на општината Кавадарци, на заедничката седница на Општинскиот собор и на Соборот на работните заедници, одржана на 1. III. 1969 година ,донесе

## О Д Л У К А
### ЗА БРОЈОТ НА ОДБОРНИЦИ ШТО СЕ ИЗБИРААТ ВО ОДДЕЛНИ ГРУПИ НА СОБОРОТ НА РАБОТНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

I. Со оваа одлука се определува бројот на одборници што се избира во секоја одделна група на Соборот на работните заедници на Собранието на општината Кавадарци.

Од вкупниот број 48 одборници на Соборот на работните заедници во секоја одделна група се избира:

1. Во групата стопанство:
— подгрупата индустрија избира 25 одборници;
— подгрупата земјоделие избира 11 одборници;
2. групата на просветата и културата избира 8 одборници;
3. Социјално-здравствената група избира 4 одборници.

II. Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-1112
1 март 1969 година
Кавадарци

Претседател
на Собранието на општината Кавадарци,
**Стојан Андов,** с. р.

**42.**

Врз основа на членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на полските штети („Службен весник на СРМ“ бр. 16/65) и чл. 17 од Одлуката за организација и работа на службата за чување на полските имоти бр. 01-3659 од 29. XII. 1965 година, Собранието на општината Кавадарци, на заедничката седница на Општинскиот собор и на Соборот на работните заедници, одржана на 1. III. 1969 година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ЧУВАЊЕ НА ПОЛСКИТЕ ИМОТИ (ПАДАРИНА)

Член 1

Насловот на одлуката за висината на надоместокот за чување на полските имоти (падарина) за 1968 година се менува и гласи:

„Одлука за висината на надоместокот за чување на полските имоти (падарина)“.

Член 2

Член 3 се менува и гласи:

„Индивидуалните сопственици на земјоделско земјиште ќе плаќаат падарина и тоа:

1. во гр. Кавадарци со населбата Ваташа и селата Бојанчиште и Куманичево — 5% од катастарскиот доход;

2. во селата Сопот, Рибарци и Манастирец — 3% од катастарскиот доход и

3. во селата Росоман и Марена — 2% од катастарскиот доход“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. I. 1969 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-1120
1 март 1969 година
Кавадарци

Претседател
на Собранието на општината Кавадарци,
**Стојан Андов,** с. р.

**43.**

Врз основа на чл. 1 од Законот за определување стопата на придонесот за изградба на станови за учесниците во Народноослободителната војна и за начинот и условите за користење на средствата од придонесот („Службен весник на СРМ“ бр. 45/68), а во врска со чл. 1а од Основниот закон за придонесот на средствата за заедничка потрошувачка („Службен лист на СФРЈ“ бр. 54/67 и 24/68), Собранието на општината Кавадарци, на заедничката седница на Општинскиот собор и на Соборот на работните заедници, одржана на 1. III. 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВОВЕДУВАЊЕ ПРИДОНЕС ЗА ИЗГРАДБА НА СТАНОВИ ЗА УЧЕСНИЦИТЕ ВО НАРОДНО-ОСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА

Член 1

Со оваа одлука се воведува придонес за изградба на станови за учесниците во НОБ.

Придонесот за изградба на станови за учесниците во НОБ ќе изнесува 20% од средствата што се издвојуваат за станбена изградба.

Член 2

Средствата од општинскиот придонес за изградба на станови за учесниците во НОБ ќе се користат врз основа на посебна програма што ќе ја донесе општинското собрание.

Член 3

Со средствата стекнати од општинскиот придонес за изградба на станови за учесниците во НОБ ќе управува Управниот одбор на фондот за материјално обезбедување и дополнителна заштита на учесниците во НОБ.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 01-1123
1 март 1969 година
Кавадарци

Претседател
на Собранието на општината Кавадарци,
**Стојан Андов**, с. р.

**44.**

Врз основа на член 1 од Законот за измена и дополнение на Основниот закон за административните такси („Службен лист на СФРЈ" бр. 51/68), Собранието на општината Кавадарци, на заедничка седница на Општинскиот собор и Соборот на работните заедници, одржана на ден 1. март 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПШТИНСКИ АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ

Член 1

Се воведува плаќање на општински административни такси за списите и дејствијата во управните работи, како и за други предмети и работи од надлежност на општинските органи.

Член 2

Таксата се плаќа според таксената тарифа што е составен дел на оваа одлука.

Член 3

Како граѓани со слаба имотна положба, кој во смисла на член 18 и 19 од Основниот закон за административните такси се ослободува од плаќање на таксата, се смета лице кое има годишен приход по член на семејството помалку од 1.000 динари, а таксата што треба да ја плати за една правна работа изнесува повеќе од 10 динари.

Како приход во смисла на претходниот став се сметаат сите приходи на кои се плаќа придонеси и даноци како и пензиите.

При пресметувањето на приходот од став 1 на овој член катастарскиот приход се зголемува за четири пати.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за општински административни такси бр. 01,4106 од 5. јуни 1968 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 01-1121
1. март 1969 година
Кавадарци

Претседател
на Собранието на општината Кавадарци,
**Стојан Андов**, с. р.

## ОПШТИНСКА ТАКСЕНА ТАРИФА ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ

за работата на Општинските органи на подрачјето на општината Кавадарци

### I. Подnесоци

Тар. бр. 1

За барање, молби, предлози, пријави и други поднесоци, ако со оваа тарифа не е пропишано друга такса — 1

Забелешка:

Такса според овој тар. број не се плаќа за дополнителни поднесоци со кои странката бара само побрзо постапување по порано поднесено барање.

Тар. бр. 2

За жалба против решение на органот на членот 3 од Основниот закон за административни такси — 6

### II. Решенија

Тар. бр. 3

За сите решенија за кои не се пропишани посебни такси — 5

1. Ако се донесува едно решение по барање на повеќе лица, таксата според овој тар. број се плаќа онолку пати колку има лица на кои им се врачува решението.

2. За решенија донесени по жалба не се плаќа такса.

Тар. бр. 4

За издавање, продолжување на срокот за важењето или издавање на дупликат на патна исправа за патување во странство:

1. За југословенски државјани
   - а) за издавање на пасош — 50
   - б) за продолжување на срокот на важењето на пасош — 50
   - в) за издавање на дупликат пасоши — 200
   - г) за издавање на заеднички (колективен) пасош, за секое лице — 20
2. За страни државјани
   - а) за издавање на патен лист за странство — 25
   - б) за издавање на туристичка пропусница — 3
   - в) за издавање на патна исправа на лице без државјанство — 50

Забелешка:

1. За дипломатските и службените пасоши и за патните исправи за избеглици не се плаќа такса.

2. За истовремено издавање, продолжување на срокот на важењето или за издавање дупликат пасош во кој истовремено се впишани и членовите на семејството, се плаќа една такса за сите лица.

3. За накнадно внесување на членови на семејство во пасошот се плаќа такса од точка 1 под а) на овој Тарифен број во износ од 50%.

Тар. бр. 5

За виза на патна исправа и за одобрувањето наведени во овој Тарифен број:
1. За југословенски државјани:
а) за виза за пасош за неограничен број на патувања 25
б) за виза на заеднички (колективен) пасош (за едно патување) за секое лице
2. За страни државјани:
а) за виза за едно патување или транзит 25
б) за виза издадена на граничен премин 50
в) за виза на неограничен број патувања или транзит 50
г) за виза на дупликат патна исправа 50
д) за виза за колективен пасош или список на лица, за секое лице 13
е) за одобрување за привремен боравок со важност до 3 месеци 50
а со важење преку 3 месеци 100
ж) за одобрение за постојано настанување 300

Забелешка:

1. За виза на пасош во кои се впишани и членовите на семејството се плаќа една такса.
2. За виза на патна исправа за избеглици не се плаќа такса кога носителот на патната исправа се иселува од Југославија.
3. Органот кој ја издава оваа виза на патен лист за странци може да ги ослободи од плаќање на такса за виза со оглед на имовинската положба и друго.

Тар. бр. 6

За издавање на оружен лист 100

Забелешка:

1. За издавање на оружен лист за ловечко оружје се плаќа такса 50% од овој тарифен број.
2. За одобрение само за држење оружје не се плаќа такса според овој Тарифен број, туку според тарифен број 3 на Таксената тарифа.
3. Такса според овој Тарифен број не плаќаат воени лица, службеници на органите на внатрешни работи и други лица што држат и носат оружје според прописите на својата служба.
4. Одредбата на точка 3 од оваа забелешка не се однесува на издавање оружен лист за ловечко оружје.
5. Такса според овој тарифен број не се плаќа за оружје што се наоѓа кај стрелачки организации, а служи за обука во гаѓање и за натпреварување на стрелиште.

Тар. бр. 7

За акт врз основа на кој се стекнува право за вршење на стопанска дејност 100
За акт врз основа на кој се стекнува право за вршење на занаетчиска дејност во сила или без постојано деловно место се плаќа 1/2 такса на овој тарифен број.

Тар. бр. 8

За решение со кое се одобрува при упис на пловни објекти на внатрешна пловидба во регистарот односно во очевидникот;
1. За пловни објекти 50
2. За чамци 10

Тар. бр. 9

За одобрение на полагање возачки испит, за издавање возачка дозвола ,за издавање или продолжување важењето на сообраќајна дозвола за моторно возило или за автомобилска приколка 10

Забелешка:

За издавање дупликат на возачка или сообраќајна дозвола се плаќа такса според овој Тарифен број.

### III. Уверенија

Тар. бр. 10

За уверенија што ги издаваат органи, ако не е пропишано поинаку 3

Тар. бр. 11

За дупликат на исправа за завршено школување или за стручна квалификација 5

Тар. бр. 12

За уверенија со кои се докажува потеклото или вредноста, количината и квалитетот или здравствената исправност на стоки 8

Забелешка:

Оваа такса не се плаќа на странски поштенски декларации што следат спроведен лист.

### IV. Заверка, преписи, и преводи

Тар. бр. 13

За заверка на потпис ракопис и препис:
1. За заверка на секој потпис 2
2. За заверка на автентичност на ракопис или за заверка на препис од секој полутабак на оригиналот

Забелешка:

1. Како полутабак се подразбира лист хартија од две страни, од нормален канцелариски формат или помал.
2. Ако е ракописот односно преписот чија заверка се врши пишан на странски јазик се плаќа двојна такса од точката 2) на овој тар. број.

Тар. бр. 14

За заверка на превод се плаќа 30% од таксата од тар. број 20 на оваа таксена тарифа.

Забелешка:

Ако органот врши и превод и заверка на преводот се плаќа, покрај таксата според овој тар. број, и такса според тар. број 20 од оваа таксена тарифа.

Тар. бр. 15

За заверка на сите деловни книги се плаќа од секој лист 0,05

1. Како лист се подразбира еден лист (две страни ) на книга без оглед на големината и без оглед на тоа дали листовите се поврзани или не.

2. Таксата од овој тар. број се плаќа и за заверка на картотеки што заменуваат деловни книги.

Тар. бр. 16

За заверка на план 20

Забелешка:

За заверка на копија од катастарски план не се плаќа такса според овој тар. број туку според тар. бр. 27 од оваа таксена тарифа.

Тар. бр. 17

За заверка на хелиографска копија на план (цртеж) се плаќа од целиот или започнат квадратен метар. 6

Тар. бр. 18

За заверка на договор чија вредност е:

1. до 500 динари 4

2. над 500 до 2.000 динари 5

3. над 2.000 до 10.000 динари 10

4. над 10.000 динари 30

Ако вредноста на договорот е непроценлива 6

За заверка на продолжување на срокот за важење на договор се плаќа 50% од таксата од ставот 1 односно од ставот 2 на овој тар. број

За заверка на полномошно 4

Забелешка:

1. Се смета дека е извршена заверка на договор кога се заверуваат само потписи на договорените страни.

2. Секоја измена на содржината на договорот се смета во таксен поглед како нов договор.

3. Таксата според ставот 1 од овој тар. број се плаќа на вредноста што е означена во договорот.

4. Ако вредноста на договорот е проценлива, но не е означена, за заверка на договорот се плаќа двојна такса од ставот 2 на овој тар. број.

Тар. бр 19

За препишување на службени акти или документи што се врши кај органите:

1) кога препишувањето го вршат заинтересираните лица, од полутабак на оригиналот 1

2) кога препишувањето го врши органот, од полутабак на оригиналот

3. кога органот го врши препишувањето на акти или документи на странски јазик, од полутабак на оригиналот

Забелешка:

Важи одредбата на точката 1 на забелешката кон тар. број 13.

Тар. бр. 20

За преводи од еден на друг јазик:

1) ако текстот на оригиналот не надминува 100 зборови 10

2) ако текстот на оригиналот содржи повеќе од 100 зборови, се плаќа за секој цел или започнат полутабак 30

Забелешка:

Важи одредбата на точката 1 од забелешката кон тар. број 13.

За превод на јазиците од народностите не се плаќа такса.

## V. Катастарски такси

Тар. бр. 21

За спроведување на сите промени во административните делови на катастарскиот операт, макар по која основа да настанале тие, се плаќа такса во готово, и тоа:

1) за спроведување на промени на насловна страна на постоен или новоотворен поседовен лист ,како и за пренос на цели парцели од еден поседовен лист во друг, од секој нов поседник односно од секоја парцела 4

2) за спроведување промени на култура, објект, површина и делби на парцели, од секоја парцела односно од секоја парцела од нова состојба по 6

Забелешка:

1) Такса според точката 1) на овој тар. број плаќа секој нов поседник кој се запишува во катастарскиот операт, како и оној поседник на кој му се менува идеалниот сопственички дел односно поседник во чиј поседовен лист се пренесуваат парцелите.

2) Такса од точката 2) плаќаат поседници во чии поседовни листови се спроведуваат промени.

3) За спроведување на промени во административни делови на катастарски операт, ако една иста парцела претрпи две или повеќе промени наведени во точ. 1) и 2) на овој тар. број а овие промени истовремено се спроведуваат во катастарскиот операт, се плаќа само една такса, т. е. таксата од точката 2) на овој тар. број.

4) Таксата според овој тар. број се пресметува по извршено спроведување на промени во катастарскиот операт, а ја наплатува општинскиот орган на управата надлежен за финансиите врз основа на список составен од катастарски уред.

Тар. бр. 22

За снимање и вцртување промени во планови и за сметање површини на парцели, кога се вршат по вонредно барање на странката, за секој потрошен работен час. 9

Тар. бр. 23

За премерувања што се вршат по редовни пријави, а кои се однесуваат на делби на одделни парцели, групи парцели на делби на цели поседи, вклучувајќи ги и канцелариските технички работи во врска со овие премерувања, се плаќа такса во готово, според површините на парцелите, и тоа:

— до 50 ари 25

— над 50 до 100 ари 50

— за секој понатамошен хектар по 10

Ако премерувањата се вршат од поли-

гонска мрежа, се плаќа таксата според овој тар. број наголемена за 50%.

Ако премерувањата се вршат во градови, се плаќа таксата според овој тар. број наголемена за 50%.

Забелешка:

1) Ако поседот кој се дели се наоѓа на повеќе места, таксата се смета одделно за секој комплекс.

2) Кога во еден комплекс се наоѓаат повеќе парцели на ист поседник, таксата се плаќа според вкупната површина на сите парцели во тој комплекс.

3. Таксата според овој тар. број се наплатува од секој делимичар, сразмерно со површините на нивните делови.

4. За премерување заради исправање меѓи помеѓу два поседа, се плаќа такса од обата поседници сразмерно со површината на нивните парцели, а врз основа на вкупната површина.

5. За делби на парцели поради делумни промени во културата, како и за снимање згради и објекти, не се плаќа такса.

6. За наплата на таксите според овој тар. број важат одредбите од точката 4 на забелешката кон тар. број 21.

Тар. бр. 24

1. За копирање катастарски планови со рака се плаќа такса според бројот на поените и тоа:

1. до 100 поена 10

2. за секој понатамошен поен над 10 поени 0,60

3. за запишување лични и други податоци уште по поен 0,60

2. За копирање со рака на планови на поголеми објекти и парцели, кога не е можно да се примени начинот на пресметување такса според бројот на поените, се плаќа такса за секој потрошен работен час 6

3. Ако копиите на планови, изработени во смисла на точ. 1 и 2 на овој тар. број, понатаму се умножуваат по хелиографски пат, тогаш за секој така умножен примерок се плаќа, покрај трошоците на умножувањето, уште и такса од 4

4. За преписи на поседовни листови и други делови од катастарски операти или за изводи од нив се плаќа:

1) до 10 ставки 5

2) за секоја понатамошна ставка над 10 ставки 0,50

3. за преписи на делови од катастарски операт што не спаѓаат во административни делови од операт, се плаќа по табак оригинал на катастарски обрасец 5

Забелешка:

1. Како број на поени се подразбира збирот на бројот на хектарите, бројот на парцелите и бројот на објектите.

2. Површина под еден хектар се смета како цел хектар.

3. Таксата според точката 1 под 1) на овој тар. број се смета одвоено за секоја катастарска општина.

4. Таксата според точката 4 на овој тар. бр. се плаќа и за уверенија што ги издаваат катастарски уреди ако тие содржат детални податоци за одделни парцели.

5. Како ставка од точката 4 на овој тар. број се подразбира секоја препишана хоризонтална рублика од кој и да било дел на катастарски операт.

Тар. бр. 25

За препишување и копирање податоци од теренски елаборати (елаборати на премерот):

1) за препишување на записник на мерењата и снимањата, од страна оригинал, по 6

2) за копирање на детални скици, мануали и фото-скици или за дополнување копии на половини со податоци на снимањето, по квадратен дециметар, површина на цртежот на оригиналот, по 10

3) за координати или одмерувања;

а) за тригонометриски точки, како и за височини или ознаки на положбата на репери, за секоја точка или репер, по 10

б) на полигонски и мали точки, за секоја точка, по 3

4) за користење оригинали или матрици на планови, фото-планови, карти и фото-асамблажи со цел за умножување, за секој лист, без оглед на видот и размерот по 20

5) за дополнително користење негативи или дијапозитиви (филм или плоча), без оглед на размерот, за секој негатив, односно дијапозитив по 5

6) за копирање или препишување податоци што не се опфатени со тар. број 25 и 26 се плаќа такса по потрошен работен час 9

Забелешка:

1. Ако се препишуваат записници на мерења или сметање или други прегледи, што содржат координати или положајни описи и точки, покрај таксата според точката 1) се плаќа и такса според точката 3) на овој тар. број за координати и положајни описи на точки.

2. За работите од точ. 4) и 5) на овој тар. бр. покрај таксата за користење оригинали, се плаќаат и трошоците на изработката и материјалот.

3. Таксата за дополнително користење оригинали според точ. 4) и 5) на овој тар. број не плаќа инвеститорот на работите на кои се однесуваат оригиналите. Инвеститорот на работите не плаќа ниту такса според точ. 1), 2) и 3) на овој тар. број кога врши дополнително препишување и копирање податоци преку свое стручно лице.

Тар. бр. 26

